**20160310898**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 16 – б од Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/03, 66/07, 142/08, 146/09, 166/12, 101/15 и 152/15), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДА ЗА ИСКАЖАНАТА НАМЕРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ, НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ НА ОТПЕЧАТОЦИ ОД ПРСТИ И ФОТОГРАФИРАЊЕ НА БАРАТЕЛИТЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ, ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНА НА ИСПРАВИ НА БАРАТЕЛИ НА ПРАВО НА АЗИЛ И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПРИЗНАЕНО ПРАВО НА АЗИЛ ИЛИ ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за образецот на потврда за искажаната намера за поднесување на барање за признавање право на азил, образецот на барање за признавање право на азил, начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и начинот на издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/15 и 119/15), во член 2 во ставот 1 по зборовите: „држава од која влегува во Република Македонија,“ се додаваат зборовите: „крајна дестинација,“.

Член 2

Образецот бр.1 се заменува со нов Образец бр.1 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 131-9539/1
15 февруари 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Образец бр. 1

____________________________________
Организациона единица
Број______________________
_______________________ година
_______________________
Место

ПОТВРДА ЗА ИСКАЖАНАТА НАМЕРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ

1. име и презиме ____________________________________
2. датум на раѓање ____________________________________
3. пол ____________________________________
4. место и држава на раѓање ____________________________________
5. државјанство ____________________________________
6. документи кои лицето ги поседува ____________________________________
7. држава од која влегува во Република Македонија ____________________________________
8. крајна дестинација ____________________________________

Лица кои го придружуваат носителот на оваа потврда (малолетни лица)

1. ______________________________________ сродство __________________
2. ______________________________________ сродство __________________
3. ______________________________________ сродство __________________
4. ______________________________________ сродство __________________
5. ______________________________________ сродство __________________
6. ______________________________________ сродство __________________

Со овој документ се потврдува дека носителот на истиот е лице кое искажало намера да поднесе барање за признавање право на азил во Република Македонија и истото се упатува во рок од 72 (седумдесет и два часа) од моментот на неговото издавање да поднесе барање за признавање на азил пред овластеното службено лице во просториите на Одделението за азил кои се наоѓаат во Прифатниот центар за баратели на азил.

_________________ година
_________________ час

_________________
Место М.П. _________________________ овластено службено лице